О робови Мои, Јас Самиот Себеси си ја забранив неправдата, и ја забранив меѓу вас, затоа не бидете неправедни меѓусебно

Од Ебу Зер, радијаллаху анху, се пренесува: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пренесува од Возвишениот Аллах дека рекол:„О робови Мои, Јас Самиот Себеси си ја забранив неправдата, и ја забранив меѓу вас, затоа не бидете неправедни меѓусебно. О робови Мои, сите сте во заблуда освен тие кои ги упатив, затоа барајте од Мене упатство, па ќе ве упатам. О робови Мои, сите сте гладни, освен оној кого Јас ќе го нахранам, затоа побарајте од Мене да ве нахранам, и Јас ќе ве нахранам. О робови Мои, сите сте необлечени, освен оној што Јас го облекувам, затоа побарајте од Мене да ве облечам, и Јас ќе ве облечам. О робови Мои, вие грешите и дење и ноќе, а Јас сум Тој кој ги простува сите гревови, затоа барајте од Мене да ви простам, и Јас ќе ви простам. О робови Мои, никогаш не можете да смислите нешто што ќе Ми нанесе штета, а потоа да Ми ја направите, ниту пак можеш да смислите нешто што ќе Ми донесе корист, па да Ми ја направите. О робови Мои, кога сите луѓе и џини, од првиот до последниот, би биле богобојазливи како најбогобојазливиот меѓу вас, тоа воопшто не би ја зголемило Мојата власт. О робови Мои, кога сите луѓе и џини, од првиот до последниот, би биле грешници како најрасипаниот меѓу вас, тоа нема да ја намали Мојата власт! О робови Мои, ако сите луѓе и џини, од првиот до последниот, се соберат на едно место и од Мене бараат сè што ќе посакат, а потоа на секој од нив да му го дадам она што го побарал, тоа нема да го намали она што го поседувам. Ни толку колку што игла натопена во морето би ја намалила водата! О робови Мои, вашите дела се најбитни, сè е сочувано кај Мене и Јас ќе наградам според направеното. Затоа, кој ќе најде добро и награда, нека Му се заблагодари на Аллах, а кој ќе најде казна и зло, да не обвинува никого освен себеси.

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни укажува на фактот дека Возвишениот Аллах ја забранил Себеси неправдата, а исто така ја забранил и на своите созданија, затоа не правете меѓусебно неправда. Исто така, Возвишениот Аллах ни кажа дека сите Негови робови се во заблуда, освен оние кои ги упатил и насочил на вистинскиот пат. Кој бара од Аллах, Аллах ќе го упати и насочи на прав пат. Сите луѓе се сиромашни и имаат голема потреба од Аллах во сите работи. Па кој бара од Аллах некоја потреба, Тој ќе му ја исполни. И дека тие грешат денонoќно, а Аллах Возвишениот им ги покрива гревовите и им простува кога робовите Го молат за прошка. И дека тие не можат да Му наштетат ниту да Му донесат некаква корист на Аллах. И кога би биле сите како човек со најбогобојазливото срце, тоа не би ја зголемило власта која Аллах ја има. Исто така, кога сите луѓе би го имале срцето на

најгрешниот човек, тоа не би ја намалила власта на Аллах. Сите луѓе се слаби и сиромашни во однос на Аллах, имаат потреба од Семоќниот Аллах во секоја ситуација, време и место, а Тој е Независен од кого било. Кога сите луѓе и џини, од првиот до последниот, би застанеле на едно место и би Му се молеле на Аллах, па Тој би ги задоволил сите нивни потреби и тоа не би го намалило она што е кај Него. Како игла која би ја ставиле во морето а потоа би ја извадиле, тоа нема ништо да намали од морето. Сето ова е заради потполна независност на Возвишениот Аллах. И дека Севишниот ги чува и ги евидентира сите дела што ги прават Неговите робови, и нив ќе ги измери на Судниот ден. Кој ќе најде добро и награда, нека Му се заблагодари на Аллах за успехот во послушноста кон Него, а кој ќе најде казна и зло, нека не обвинува никого освен сопствената душа која го одвела во пропаст.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4810